# ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ (ПВЗС)

за

***Компонента за брзо дејствување (субвенции за плати) на***

***Проектот за поврзување на локални патишта***

во

Република Северна Македонија

Април 2020

Документ:

План за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС)

за

**Компонента за брзо дејствување (субвенции на плати)**

на

**“Проектот за поврзување на локални патишта”**

во

Република Северна Македонија

Април 2020

# Содржина

1 ВОВЕД ... 6
1.1 Опис на проектот ... 6
1.2 Цели на Планот за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС) ... 9
1.3 Опсег и структура на (ПВЗС) ... 9
1.4 Административна и регулаторна рамка ... 10
1.4.1 Услови согласно националното законодавство ... 10
1.4.2 Социјални стандарди и стандарди за животна средина на Светска банка за вклучување на засегнатите страни (EES10) ... 10
2 ПРЕГЛЕД НА ПРЕТХОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ... 11
3 ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ... 11
3.1 Мапирање на засегнатите страни ... 12
3.1.1 Лица опфатени со проектот (ЛОП) ... 12
3.1.2 Други заинтересирани страни ... 13
3.1.3 Загрозени или ранливи лица или групи ... 13
3.1.4 Преглед на потребите на засегнатите страни и анализа на нивниот интерес и влијание 14
4 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ... 16
4.1 Цел и временска рамка на Програмата за вклучување на засегнати страни ... 16
4.2 Предложена стратегија за објавување на информации ... 17
4.2.1 Подготовка ... 17
4.2.2 Имплементација ... 17
4.2.3 Следење ... 17
4.3 Предложена стратегија за консултации ... 17
4.4 Предложена стратегија за вклучување на гледиштата на ранливите групи ... 21
5 ИЗВОРИ И ОДГОВОРНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ... 21
5.1 Извори ... 21
5.2 Управување со активностите и одговорностите ... 21
6 МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ ... 21
6.1 Систем за справување со поплаки на Светска банка ... 24
7 СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ... 24
7.1 Вклучување на засегнатите страни во следењето на активностите ... 25
7.2 Повратно известување на засегнатите групи ... 25
АНЕКС 1 ... 26
Образец за поднесување на жалби и поплаки ... 26

**Листа со слики**

Слика 1: Предвидување на стапката на невработеност во С. Македонија ..................................... 7

Слика 2: Шема на функционирањето на МСП ................................................................. 23

**Листа со табели**

Табела 1: Степен на вклученост на засегнатите страни врз основа на нивниот степен на интерес и степен на влијание ........................................................................................................ 14

Табела 2: Предложена стратегија за консултации ........................................................... 18

**КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| ЖССР | Животна средина и социјални работи |
| ППЖС | План за посветеност кон животна средина |
| ПВЖС | Проценка на влијанието врз животната средина |
| ППЖССР | План за посветеност кон животна средина и социјални работи |
| РЖССР | Рамка за животна средина и социјални работи |
| ПВЖССР | Проценка на влијанието врз животната средина и социјалните работи |
| РУЖССР | Рамка за управување со животната средина и социјалните работи |
| ПУЖССР | План за управување со животната средина и социјалните работи |
| СЖССР | Стандарди за животна средина и социјални работи |
| КБД | Компонента за брзо дејствување |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| МСП | Механизам за справување со поплаки |
| ССП | Сервис за справување со поплаки |
| ОПВЖССР | Ограничена проценка на влијанието врз животната средина и социјалните работи |
| ППЛП | Проект за поврзување на локални патишта |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| МФ | Министерство за финансии |
| ГС | Генерален секретаријат |
| НВО | Невладина организација |
| СВ | Службен весник |
| БЗР | Безбедност и здравје при работа |
| ДЗС | Други заинтересирани страни |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| ПЕУД | Проектна единица за усогласено дејствување |
| ПВЗС | План за вклучување на засегнати страни |
| СБ | Светска банка |

# 1 ВОВЕД

## 1.1 Опис на проектот

Пандемијата со COVID-19 на Владите низ целиот свет им донесе досега невидени предизвици. Тековните околности бараат многу прилагодлив систем за управување со цел да се избегне, намали и да се управува со ситуацијата која многу брзо се развива. Поради ова, сите страни кои ќе бидат вклучени во имплементацијата на проектот треба да користат разумно расудување со оглед на тоа што она што е можно денес, може да не биде така следната недела (и во позитивна насока - може да се подобрат набавките и насоките кои се даваат, и во негативна - затоа што ширењето на вирусот може да забрза).

За да може да се намали кризата и да се спречи понатамошно ширење на болеста, многу земји, меѓу кои и Република Северна Македонија (РСМ) беа принудени да спроведат мерки со кои се прекина работата претпријатија и (економските) активности кои не се од витална важност.

Целосните или делумни мерки за прекин со работа тековно влијаат на скоро 2,7 милијарди работници на глобално ниво, што претставуваат околу 81% од работната сила во светот. Во сегашната ситуација, деловните субјекти од многу економски сектори се соочуваат со катастрофални загуби, кои ја загрозуваат нивната работа и солвентност, што е особено случај кај помалите претпријатија, додека пак милиони работници се изложени на ризикот да ги загубат своите приходи или да бидат отпуштени од работа. Најголемиот број на отпуштања од работа и намалување на работното време ќе се појават во секторите кои се најтешко погодени. Клучни сектори се трговија на мало, сместувачки капацитети и угостителство, како и производството. Без соодветни политики за спроведување на мерки, работниците се соочуваат со голем ризик од сиромаштија и тие ќе се соочат со уште поголеми предизвици за да се вратат во нормален живот во текот на периодот на опоравување.[1]

Северна Македонија е земја со среден приход што направи големи чекори за реформи на нејзината економија во текот на изминатата деценија. По силниот економски раст во периодот 2002-08 година кој изнесуваше во просек од 4,3%, просечниот раст на БДП се намали на 2,1% годишно од 2009 година. Главните двигатели на растот во периодот од 2009 година на натаму се градежништвото, индустријата и трговијата на големо и мало.[2] Иако Северна Македонија достигна историски ниска точка на стапката на невработеност од 16,6% во јануари 2020 година, како резултат на глобалната пандемија предвидено беше нејзино искачување на над 19% до крајот на првиот квартал на 2020 година. Овој број се предвидува се искачи на над 22% до крајот на годината.

1 Меѓународна организација на трудот (МОТ): Второ издание на Мониторот на МОТ: COVID-19 и светот на работата; ажурирани проценки и анализи (од 20 април 2020)
https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/@dgreports/@dcomm/documents/briefingnote/wcms_740877.pdf
2 Светска банка во С. Македонија, Преглед




Слика 1: Предвидување на стапката на невработеност во С. Македонија
*(Извор: www.tradingeconomic.com / Државен завод за статистика на РСМ)*

Во вакви околности, Проектот за поврзување на локални патишта (ППЛП), финансиран од Светска банка, ја активираше Компонентата за брзо дејствување (КБД) пренасочувајќи вкупно 50 милиони евра за брз фискален одговор за Финансиска поддршка на работодавците од приватниот сектор засегнати од здравствената и економска криза предизвикана од вирусот COVID-19 за исплата на плати за месеците април, мај и јуни 2020 година спроведена од Владата на РСМ.

КБД ќе финансира субвенција за плати во форма на грант средства доделени на било која квалификувана компанија која морала физички да го затвори своето продажно место или доживува намалување на приходите. Прифатливоста на компаниите кои аплицираат за грант средствата ќе се утврди преку скрининг процес кој вклучува повеќе критериуми после приемот на соодветните апликации.

Компаниите кои не можат да се финансираат се:

1. Компании со над 250 вработени лица
2. Компании кои не се одржливи:
    a. Компании кои имаат долг од над 5000 евра за даноци;
    b. Компании кои имаат загуби прикажани во даночните пријави за 2018 и 2019 година;
    c. Компании кои заклучно со 29 февруари 2020 година имале/имаат долгови во времетраење од/над 90 дена согласно податоците на Кредитното биро.
3. Компании и активности што би имале влијание врз природни живеалишта, шуми, кои финансираат експерименти или производство на пестициди или предизвикуваат економски и социјални разместувања; активности што вклучуваат откуп на земјиште или каква било форма на раселување; која било активност наведена во Листата со исклучоци на Меѓународната финансиска корпорација (МФК) на групацијата на Светска банка дадена подолу:
    a. Трговија со животни и производи од животинско потекло забранети согласно Спогодбата за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора (CITES) (ова не се однесува на меѓународна трговија со загрозени видови),
    b. Измена или деградација на критични природни живеалишта,
    c. Значителна измена или деградација на критични шумски области,
    d. Пуштање на генетски изменети организми во природната средина,

    e. Производство, дистрибуција и продажба на забранети пестициди и хербициди (согласно Законот за пестициди – забранети согласно националната регулатива),
    f. Производство, ракување и отстранување на радиоактивни производи,
    g. Отпад кој е опасен за животната средина,
    h. Производство на опрема и уреди кои содржат хлорофлуоројаглеродите (CFC) или други супстанци регулирани со Монтреалскиот протокол,
    i. Производство на електрична опрема што содржи полихлорирани бифенили (PBC) повеќе од 0,005% од тежина,
    j. Производство на производи кои содржат азбест,
    k. Производство или трговија со радиоактивни материјали, вклучувајќи и нуклеарни реактори и нивни делови (ова не се однесува на набавка на медицинска опрема, опрема за контрола на квалитет (мерења) и друга опрема кај која МФК смета дека изворот на радиоактивност е занемарлив и/или соодветно заштитен),
    l. Производство на тутун, преработка или маркетинг, машини за преработка на тутун,
    m. Производство на огнено оружје,
    n. Производство или трговија со алкохолни пијалаци со исклучок на пиво и вино, угостителски услуги и туризам.
4. Компаниите кои се исклучени согласно Рамката за животна средина и социјални работи (РЖЦЦР) / Правни политики:
    a. Компании кои работат без сите потребни дозволи/лиценци/овластувања итн. неопходни согласно националното законодавство.
    b. Компании што вршат активности кои може да имаат негативно влијание врз заштитени области во природата.
    c. Компании што вршат активности кои може да влијаат врз културното наследство или активности кои се одвиваат во заштитни зони со културно наследство/археолошки зони.
    d. Компании кои имале негативни извештаи или парници поврзани со животната средина во изминатите години.
    e. Компании кои имале значителни проблеми поврзани со безбедност и здравје при работа во изминатата година (два или повеќе смртни случаи или тешки повреди за кои е одговорна компанијата)
    f. Компании кои во своето портфолио имаат активности поврзани со брани.
    g. Активности кои значително ќе го променат влијанието на меѓународни водотеци.

Треба да се напомене дека компаниите кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми се уште имаат право на финансиска поддршка од владиниот фонд во рамки на истата програма.

КБД ќе финансира прифатливи одржливи компании со:

1. минимална нето-плата од 14.500 МКД по вработено лице
2. + 50% од социјалните придонеси на нивните квалификувани работници за фирми во туризам, транспорт и угостителство.

КБД ќе се спроведува од страна на Генералниот секретаријат преку Проектната единица за усогласено дејствување (ПЕУД) со поддршка и надзор од страна на двајца консултанти за финансиско управување, еден консултант за социјални работи и еден консултант за животна средина. Се очекува дека КБД ќе даде поддршка на над 60.000 вработени од сите економски

сектори со исклучок на земјоделскиот сектор (бидејќи тој е поддржан преку други програми на СБ).

## 1.2 Цели на Планот за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС)

Целите на овој ПВЗС се идентификација на засегнатите страни на КБД програмата („Програмата“) во различни развојни фази и утврдување на нивните правила за размена на информации помеѓу ПЕУД и засегнатите страни во согласност со националната регулатива и барањата на Светска банка. Веќе е подготвен посебен ПВЗС за другите компоненти на ППЛП.

Нема голема веројатност дека спроведувањето на Програмата ќе предизвика негативно влијание, вклучително и врз ранливите групи. Поради ограниченото време во кое се подготвува Програмата и со оглед на кратките рокови кои се дадени за поднесување на апликациите, постои веројатност некои од компаниите на кои најмногу им е потребна помош и кои имаат вработени од ранливи категории да не можат да достават апликации навреме и да не добијат поддршка од Програмата. Затоа клучно е сите потенцијални корисници да се запознаат со Програмата, особено со критериумите за квалификација и процедурите за аплицирање за да не бидат исклучени од користењето на овие средства.

Целта на ПВЗС е да се претстави како ПЕУД планира да комуницира со засегнатите страни врз кои Програмата може да има влијание или кои ќе бидат заинтересирани за неа, низ животниот циклус на Програмата. Исто така, ги опишува механизмите за поплаки, процес кој засегнатите страни можат да го користат да ја изразат својата загриженост околу Програмата преку давање свои мислења кои можат да влијаат врз имплементацијата на Програмата и нејзините резултати.

Целта на овој ПВЗС е да го зголеми учеството на засегнатите страни во текот на Програмата и да ги вклучи засегнатите страни во согласност со законите на Република Северна Македонија, како и условите на Светска банка.

Се на се, ПВЗС служи за следните цели: а) идентификација и анализа на засегнатите страни, вклучувајќи ги и потенцијалните корисници на Програмата кои може да бидат исклучени или да се соочат со проблеми во пристапот до придобивките од проектот; б) планирање на модалитети за вклучување и ефективни алатки за комуникација за консултации и транспарентност; в) овозможување на платформи за влијание врз одлуките; г) дефинирање на улогите и одговорностите при имплементирање на Планот; д) помош при имплементацијата и управувањето со механизмот за справување со поплаки (МСП).

## 1.3 Опсег и структура на (ПВЗС)

Овој документ дава општи упатства за како да се вклучи јавноста во сите фази од Програмата.

Опсегот на ПВЗС е согласно ESS10 на Светска Банка. Вклучувањето е испланирано и ќе биде спроведено како составен од Програмата.

Планот за вклучување на засегнатите страни се состои од следниве Поглавја:

1. Вовед
2. Опис на претходни активности за вклучување на засегнатите страни
3. Идентификација и анализа на засегнатите страни
4. Програма за вклучување на засегнатите страни
5. Ресурси и одговорности за имплементација на Планот за вклучување на засегнатите страни
6. Механизам за справување со поплаки

7. Следење и известување

## 1.4 Административна и регулаторна рамка

### 1.4.1 Услови согласно националното законодавство

Применливата национална рамка е следна:

1. **Закон за животна средина** (службен весник на РМ бр. 53/05, со последни измени во 99/18): Иако за ППЛП важи соодветниот закон поради предвидените градежни работи, за КБД компонентата од проектот ова не важи.
2. **Устав на Македонија**: Член 16 гарантира пристап до информации, како и слобода за примање и пренесување на информации.
3. **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** (Службен весник на РМ бр. 13/06, 86/08, 06/10, 42/14): дозволува индивидуи и правни лица да добијат информации од државни и општински тела и сите они кои вршат јавни функции.
4. Архуската конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесувањето одлуки и пристап до правда за прашања поврзани со животната средина ратификувана од страна на БЈР Македонија во 1999 година: конвенцијата доделува права на јавноста во врска со пристапот до информации, учество на јавноста и пристап до правда во владините процеси на донесување одлуки за прашања поврзани со локалното, националното и преку граничното опкружување. Во член 2 (в) од Конвенцијата се вели дека Конвенцијата се однесува не само на владата на сите нивоа, туку и на „сите други физички или правни лица кои имаат јавни одговорности или функции или вршат јавни услуги во однос на животната средина, под контрола на [јавен орган]." Во согласност со Конвенцијата, компанијата е должна: да одговори на барањата од јавноста за информации за животната средина (кој било член на јавноста може да поднесе барање без оглед на државјанството, националноста или престојот); редовно да собира и открива информации за животната средина за јавноста и да ја известува јавноста дека информациите се достапни; и да обезбеди информации за итни случаи.
5. Уредба за финансиска поддршка на работодавците од приватниот сектор погодени од здравствената и економска криза предизвикана од вирусот COVID-19 со кој се воспоставува шема за поддршка на приходот за месеците април, мај и јуни 2020 година (Службен весник на РСМ бр. 93/2020 од 07.04.2020 и 157 од 13.06.2020): Основната цел на шемата е да им овозможи на работодавците да ги задржат вработените на нивниот платен список за време на кризата и на тој начин да можат повторно да ги започнат своите активности брзо и ефикасно после кризата. Според Уредбата, Владата ги исплаќа платите на вработените од приватниот сектор чии работодавци аплицираат и исполнуваат одредени критериуми за финансиска поддршка за месеците април, мај и јуни 2020 година во износ од не повеќе од 14.500 МКД по вработен, во пропорционален сооднос со регистрираното работно време на вработеното лице.

### 1.4.2 Социјални стандарди и стандарди за животна средина на Светска банка за вклучување на засегнатите страни (EES10)

ESS 10 на Светска банка „Вклучување на засегнатите страни и обелоденување на информации" ја препознава „важноста на отворено и транспарентно ангажирање помеѓу Заемопримачот и засегнатите страни од проектот како суштински елемент на добрата меѓународна практика". Поточно, барањата утврдени со ESS 10 се следниве:

1. “Заемопримачите ќе се вклучат заедно со засегнатите страни во текот на животниот циклус на проектот, започнувајќи го овој ангажман што е можно порано во процесот на развој на проектот и во временска рамка која овозможува консултации со засегнатите страни при конципирањето на проектот. Природата, обемот и зачестеноста на вклучувањето на засегнатите страни ќе бидат пропорционални со природата и обемот на проектот и потенцијалните ризици и влијанија.
2. Заемопримачите ќе одржуваат сериозни и значајни консултации со сите засегнати страни. Заемопримачите ќе им обезбедат на засегнатите страни навремени, релевантни, разбирливи и достапни информации и ќе се консултираат со нив на соодветен начин кој нема да вклучува манипулација, мешање, принуда, дискриминација и заплашување.
3. Постапката на ангажирање на засегнатите страни ќе го вклучува следново, како што е подетално објаснето во овој ESS: (i) идентификација и анализа на засегнатите страни; (ii) планирање на вклучувањето на засегнатите страни; (iii) откривање на информации; (iv) консултација со засегнатите страни; (v) решавање и одговор на поплаки; и (vi) известување до засегнатите страни.
4. Заемопримачот ќе води и ќе објавува документиран запис за вклученоста на засегнатите страни како дел од проценката за животна средина и социјални работи, вклучувајќи опис на консултираните заинтересирани страни, резиме на добиените повратни информации и кратко објаснување за тоа како се земени во предвид повратните информации или причините зошто истите не биле земени во предвид“. (Светска банка, 2017: 98).

Заемопримачот треба да подготви План за вклучување на засегнатите страни кој ќе биде пропорционален со големината и природата на проектот, како и потенцијалните ризици и влијанија кои може да произлезат од неговата имплементација. Планот треба да биде објавен колку е можно порано и Заемопримачот треба побара мислење од засегнатите страни во однос на ПВЗС. Доколку се направат значителни промени на ПВЗС, Заемопримачот треба да го објави променетиот ПВЗС.

# 2 ПРЕГЛЕД НА ПРЕТХОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Со оглед на итноста на имплементацијата поради здравствената и економска криза предизвикана од пандемијата со COVID-19, досега не беа извршени претходни активности за вклучување на засегнатите страни од страна на агенцијата за имплементација/ПЕУД. Во секој случај, владината програма за субвенции за плати која е поддржана од страна на Програмата на КБД беше објавена во сите медиуми од почетокот на април, како составен дел од економските мерки за решавање на кризата издадени од страна на Владата на РСМ. Освен тоа, во текот на подготовката на мерките консултирани се институции кои се надлежни за работа со компании на различни начини, како и бројни компании и стопански комори.

# 3 ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Согласно ESS 10 на Светска банка има три пошироки категории на засегнати страни:

1. Лица опфатени со проектот;
2. Други заинтересирани страни; и
3. Обесправени / ранливи лица или групи.

**Лица опфатени со проектот (ЛОП)** ги вклучува оние кои веројатно ќе бидат засегнати од проектот заради реални влијанија или потенцијални ризици по нивното физичко опкружување, здравје, безбедност, културни настани, благосостојба или егзистенција. Овие засегнати страни може да вклучуваат поединци или групи, вклучително и локални заедници. Ова се поединци или домаќинства кои најверојатно ќе бидат сведоци/ќе почувствуваат промени од влијанијата на проектот врз животната средина и социјалните работи.

Под поимот **Други заинтересирани страни (ДЗС)** се мисли на индивидуи, групи или организации кои имаат интерес во проектот што може да биде поради проектната локација, неговиот карактер и влијанија или работи поврзани со јавниот интерес, на пример тоа можат да бидат регулатори, владини претставници, приватниот сектор, научната заедница, академици, синдикати, женски организации, други граѓански организации, како и културолошки групи.

Посебно важно е да се разберат влијанијата од проектот и да се утврди дали тие непропорционално паѓаат на грбот на **загрозени или ранливи лица или групи**, кои често не можат да ги изразат своите грижи или да ги разберат влијанијата од проектот.

## 3.1 Мапирање на засегнатите страни

Се очекува дека Програмата ќе обезбеди нето минимална плата (14.500 МКД) за приближно 64.000 вработени во компании кои ги исполнуваат критериумите за одржливост и квалификација (види подолу). Покрај тоа, околу 30.000 вработени во одржливи фирми од областа на туризмот, транспортот и угостителството ќе добијат 50% од придонесите. Бидејќи секој економски сектор (со исклучок на земјоделството) има право на поддршка во рамките на Програмата КБД, обемот на другите заинтересирани страни е различен. Најголем ризик кај активностите за вклучување на засегнатите страни е ограниченото време пред започнувањето на Програмата и кратките рокови за сите активности поради што некои од компаниите на кои најмногу им е потребна помош и кои имаат вработени од ранливи категории нема да можат да доставаат апликации навреме и да добијат поддршка од Програмата.

### 3.1.1 Лица опфатени со проектот (ЛОП)

Лицата опфатени со проектот на Програмата КБД се:

1. **Компании кои ќе аплицираат за грант средства за субвенции за плати**: За да може да ги добијат грант средствата компаниите ќе треба да поминат низ скрининг процес кој вклучува повеќе критериуми да се утврди нивната одржливост и квалификуваност за фондовите на СБ. Заинтересираните компании ќе доставаат апликации на тој начин што ќе пополнат прашалник кој е достапен на Интернет на УЈП. За да добијат субвенции за плати заинтересираните компании треба да ги исполнат сите критериуми кои се однесуваат на: (i) големината на компанијата која аплицира, (ii) критериуми за одржливост, (iii) Листата со генерални исклучоци на СБ, (iv) законски и критериуми за исклучување од политиките на РЖССР. Компаниите од сите економски сектори (со исклучок на земјоделството) имаат право на учество. Квалификуваните компании кои ги исполнуваат условите ќе добијат минимална нето-плата (14.500 МКД) по вработено лице. Освен ова, компаниите од туризмот, транспортот и угостителството исто така можат да аплицираат за да добијат 50% од придонесите на нивните квалификувани работници со пополнување на истиот прашалник, покрај субвенцијата за минимална плата;
2. **Вработени кои ќе добијат субвенции за плата**: Се очекува дека Програмата КБД ќе

даде поддршка на над 60.000 вработени преку субвенции за плати за месеците април, мај и јуни 2020 година во висина на минималната плата.

### 3.1.2 Други заинтересирани страни

Други заинтересирани страни за КБД компонентата на ППЛП се следните:

1. Влада на Република Северна Македонија
2. Агенција за имплементација (Генерален секретаријат)
3. Стопански комори
4. Организација на работодавачи на Македонија
5. Сојузот на синдикати со сите свои членки (синдикати по сектори)
6. Фондација за менаџмент и индустриско истражување
7. Здружение на бизнис жени
8. Занаетчиска комора Скопје
9. Бизнис конфедерација на Македонија
10. Фондација за претприемнички бизнис за млади
11. Медиуми

Оние здруженија кои се претставници на потенцијални корисници ќе бидат известени за Програмата и од нив ќе се побара да ги рашират информациите за Програмата колку што може повеќе помеѓу нивните членови. Комуникациската кампања ќе се спроведе со започнувањето на Програмата преку медиумите за исто така да се информираат потенцијалните корисници на Програмата.

### 3.1.3 Загрозени или ранливи лица или групи

Корисници на КБД се микро, мали и средни претпријатија и фирми и нивни вработени. Со оглед на тоа што во клучниот персонал на компаниите веројатно нема да има лица кои се од ранливите групи во општеството заради нивното повисоко ниво на образование и социјален капитал, меѓу вработените има групи кои можат да имаат потешкотии при изразувањето на својата загриженост:

1. помлади вработени
2. жени, особено вработени во доминантно машки индустрии и вработени лица со хендикеп

Овие групи може да се загрижени околу транспарентното трошење на доделените средства, но сепак може да им биде тешко тоа да го искажат на својот работодавец. Исто така, поради ограниченото време во кое се подготвува Програмата и со оглед на кратките рокови кои се дадени за поднесување на апликациите, постои веројатност некои од компаниите на кои најмногу им е потребна помош и кои имаат вработени од ранливи категории да не можат да достават апликации навреме и да не добијат поддршка од Програмата. Програмата КБД ќе спроведе брза, но интензивна комуникациска кампања со цел сите компании и вработените лица кои се потенцијални корисници да се информираат за Програмата, особено за користа која се очекува од Програмата, како и критериумите за квалификација и процедурата при аплицирање. Исто така, ќе се воспостави Механизам за жалби за да им се овозможи на потенцијалните корисници да ја изразат својата загриженост во однос на спроведувањето на Програмата.

### 3.1.4 Преглед на потребите на засегнатите страни и анализа на нивниот интерес и влијание

Степенот на вклученост на засегнатите страни ќе зависи од нивниот интерес во Програмата и нивното влијание врз истата.

Табела 1: Степен на вклученост на засегнатите страни врз основа на нивниот степен на интерес и степен на влијание

| Група на засегнати страни | | | Вид на интерес | Степен на интерес | Степен на влијание | Степен на вклученост |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Лица опфатени со проектот (ЛОП) | Физички лица | Вработени кои добиваат субвенции за плати | Позитивно влијание врз егзистенцијата/ Заинтересираност за транспарентноста на трошење на добиените средства | висок | низок | консултации |
| | Правни субјекти | Компании кои аплицираат за грант средства | Позитивно влијание врз економската состојба на компанијата/ Заинтересираност за постапката за аплицирање, критериумите за квалификација и условите при кои се доделуваат средствата | висок | низок | консултации |
| Други заинтересирани страни | Владини агенции | Влада на РСМ | Позитивно влијание врз социоекономската состојба во земјата / Заинтересираност за изводливоста и трошоците поврзани со Програмата | висок | висок | партнер |
| | | Агенција за имплементација | Негативно влијание врз работниот товар / Заинтересираност за активностите кои треба да се направат | висок | висок | партнер |
| | | Стопански комори | Позитивно влијание врз социоекономската состојба во земјата / Заинтересираност за ефективноста на Програмата | низок | среден | информации |
| | Синдикати | Сојузот на синдикати на РСМ | Позитивно влијание врз работничките права / Заинтересираност за транспарентноста на трошење на добиените средства | среден | среден | консултации |

| Група на засегнати страни | | | Вид на интерес | Степен на интерес | Степен на влијание | Степен на вклученост |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Синдикати по сектори | Позитивно влијание врз работничките права / Заинтересираност за транспарентноста на трошење на добиените средства | среден | среден | консултации |
| | Невладини организации - НВО | Организација на работодавачи на Македонија | Позитивно влијание врз економската состојба на пазарот / Заинтересираност за постапката за аплицирање, критериумите за квалификација и условите при кои се доделуваат средствата | низок | среден | информации |
| | | Фондација за менаџмент и индустриско истражување | Позитивно влијание врз економската состојба на пазарот / Заинтересираност за бројот на претприемачи кои ќе добијат средства | низок | среден | информации |
| | | Здружение на бизнис жени | Позитивно влијание врз економската состојба на пазарот / Заинтересираност за бројот на жени претприемачи кои ќе добијат средства и вработени жени кои ќе добијат субвенции за плата | среден | среден | консултации |
| | | Занаетчиска комора Скопје | Позитивно влијание врз економската состојба на пазарот / Заинтересираност за бројот на занаетчии кои ќе добијат средства | низок | среден | информации |
| | | Бизнис конфедерација на Македонија | Позитивно влијание врз економската состојба на пазарот / Заинтересираност за бројот на претприемачи кои ќе добијат средства | низок | среден | информации |
| | | Фондација за претприемнички бизнис за млади | Позитивно влијание врз економската состојба на пазарот / Заинтересираност за бројот на млади претприемачи кои ќе добијат средства | низок | среден | информации |

| Група на засегнати страни | | | Вид на интерес | Степен на интерес | Степен на влијание | Степен на вклученост |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Медиуми | Електронски и пишани медиуми, радио и ТВ станици во земјата | Сите влијанија на проектот | висок | среден | вклученост |
| Ранливи групи | Физички лица | Помлади вработени лица од компаниите кои ќе добијат средства | Позитивно влијание врз егзистенцијата/ Заинтересираност за транспарентноста на трошење на добиените средства | висок | низок | консултации |
| | Физички лица | Жени вработени / Вработени лица со хендикеп | Позитивно влијание врз егзистенцијата/ Заинтересираност за транспарентноста на трошење на добиените средства | висок | низок | консултации |

# 4 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

## 4.1 Цел и временска рамка на Програмата за вклучување на засегнати страни

Поради итната потреба да се намали негативното влијание од пандемијата со COVID-19 врз посиромашните компании и вработени, Програмата ќе го спроведе следното ангажирање на засегнатите страни во две фази:

1. Во текот на подготовката на Програмата, ПЕУД ќе спроведе комуникациска кампања за Програмата преку сите расположливи канали (радио, ТВ, пишани медиуми, социјални медиуми, веб портали и сл.) образложувајќи ја програмата, критериумите за квалификација и постапките за аплицирање, при тоа истакнувајќи ја секогаш потребата за повратна информација, односно размислувањата и загриженоста на корисниците во однос на Програмата.
2. После спроведувањето на Програмата (после финализирањето на финансиите за вториот месец што се очекува да биде во јуни 2020 година) од корисниците ќе бидат побарани повратни информации за Програмата. Повратните информации ќе бидат собрани и анализирани од страна на ПЕУД и експертите за животна средина и социјални работи. Наодите од овие информации ќе бидат презентирани во извештај во кој ќе се сумираат стекнатите искуства и научените лекции. Извештајот ќе биде јавно објавен. Доколку од стекнатите информации се дојде до заклучок дека има сериозни проблеми (на пр. во имплементацијата на Програмата), ПЕУД веднаш ќе ја информира СБ и ќе предложи соодветни мерки за да се обезбеди целосна транспарентност.

## 4.2 Предложена стратегија за објавување на информации

### 4.2.1 Подготовка

Нацртите на сите документи на РЖССР (на пр. РСЖССР, ППЖССР и ПВЗС) ќе бидат јавно објавени најмалку пет дена пред започнувањето на Програмата на веб-страницата на агенцијата за имплементација и СБ. Ова ќе вклучува:

1. Објава на КБД вклучувајќи:
   a. Краток опис на КБД
   b. Начини како да се доставaт коментари и повратни информации
   c. Клучни крајни рокови
2. Соодветните нацрт документи на РЖССР

Јавното објавување на нацрт-документите и започнувањето на Програмата ќе биде објавено преку радио, ТВ, пишани и електронски медиуми, како и сите достапни социјални медиуми и интернет страници на Владата и агенцијата за имплементација, како дел од целокупните активности за вклучување на заинтересираните страни што е опишано погоре.
Коментарите на сите објавени податоци и документите за РЖССР ќе бидат разгледани веднаш по нивното доставување од страна на ПЕУД и експертите за животна средина и социјални работи. Поважните коментари ќе бидат вметнати во последната верзија на документите на РЖССР и истите ќе бидат објавени, заедно со извештајот со повратните информации односно (i) список со медиуми каде била објавена информацијата; (ii) содржината на објавата; (iii) времето на објавување; (iv) список со добиени повратни информации.

### 4.2.2 Имплементација

По завршувањето на процесот на аплицирање за грант средствата, списокот на квалификувани фирми ќе биде јавно објавен на веб-страницата на агенцијата за имплементација.

### 4.2.3 Следење

КБД ќе финансира екс-пост ревизија на компаниите кои добиле средства за ретроактивно да проверат дали се исполнети критериумите за финансирање (на пр. исполнување на условите, усогласеност со барањата на РЖССР итн.). Наодите од ревизорскиот извештај ќе бидат јавно објавени на веб-страницата на агенцијата за имплементација.
Покрај тоа, наодите од повратните информации исто така ќе бидат презентирани во извештај и јавно објавени на веб-страницата на агенцијата за имплементација. Извештајот ќе ги сумира стекнатите искуства и научените лекции од Проектот и ќе даде предлог за организација на идните слични Програми. Доколку од повратните информации се дојде до заклучок дека има сериозни проблеми (на пр. во имплементацијата на Програмата), ПЕУД веднаш ќе ја информира СБ и ќе предложи соодветни мерки за да се обезбеди целосна транспарентност.

## 4.3 Предложена стратегија за консултации

Поради избувнувањето и ширењето на COVID-19 во Република Северна Македонија луѓето се обврзани согласно националното законодавство да одржуваат социјална дистанца и да избегнуваат јавни собири со цел намалување и спречување на ризикот од пренесување на вирусот. Исто така, со оглед на потребата да се овозможи поддршка на посиромашните компании и вработени лица во најбрз можен рок, стандардните методи со јавни консултации кои обично се спроведуваат за проектите кои се финансирани од страна на Банката во сегашната ситуација не се можни.

Со цел да се обезбеди вклучување на засегнатите страни се изврши проценка на застапеноста на ИКТ (информатичка и комуникациска технологија) помеѓу клучните групи на засегнати страни, со посебен акцент на идентификуваните ранливи групи. Повеќето претставници на фирми-апликанти се на возраст од 30 до 60 години и имаат поголем социјален капитал. Исто така, вработените лица кои треба да примаат субвенции за плати се под 64 години (праг за пензионирање). Веројатно е дека кај оваа група нивото на застапеност на ИКТ е релативно високо. Поради тоа можат да се користат различни средства за комуникација, вклучително и социјални медиуми и канали за вклучување на засегнатите страни. Во секој случај ќе се користат и конвенционалните средства како што се ТВ, радио и весник за да се овозможи запознавање со Програмата на сите потенцијални корисници.

Табела 2: Предложена стратегија за консултации

| Целни засегнати страни/група | Вид на вклученост | Метод | Локација**/ Зачестеност | Одговорна страна |
|---|---|---|---|---|
| Вработени кои добиваат субвенции за плати | -Методи со кои се обезбедува транспарентност за добиените средства од Програмата<br>-БЗР<br>-МСП<br>-Повратни информации за Програмата | - Коресподенција преку е-пошта, комуникација преку социјални медиуми, информирање преку стандардни и социјални медиуми<br>- Објавите во медиумите да ја нагласат потребата за повратни информации од оваа група на засегнати страни | -Пред почетокот на Програмата*<br>- После добивањето на платите<br>- Во текот на животниот век на проектот<br>-За време на екс-пост ревизијата<br>- Повратни информации, после имплементација | ПЕУД |
| Компании кои аплицираат за грант средства | - Постапката за аплицирање, критериумите за квалификација и условите при кои се доделуваат средствата<br>-МСП<br>-Услови од РЖССР<br>- Повратни информации за Програмата | - Коресподенција преку е-пошта, комуникација преку социјални медиуми, информирање преку стандардни и социјални медиуми<br>- Објавите во медиумите да ја нагласат потребата за повратни информации од оваа група на засегнати страни | - Пред почетокот на Програмата *<br>-После завршувањето на постапката за аплицирање<br>- Во текот на животниот век на проектот<br>- За време на екс-пост ревизијата<br>- Повратни информации, после имплементација | ПЕУД |
| Влада на РСМ | -Остварливост,<br>-Менаџерска организација | -Официјална коресподенција, виртуелни состаноци | - Во текот на животниот век на проектот | Тимот на СБ |
| Агенција за имплементација | -Методи на имплементација | - Коресподенција преку е-пошта, виртуелни состаноци | - Во текот на животниот век на проектот | Тимот на СБ |
| Стопанска комора | - Влијание врз социоекономскага состојба во земјата,<br>-Ефективност на Програмата | - Информирање преку стандардни и социјални медиуми | - Во текот на животниот век на проектот | ПЕУД |

| Целни засегнати страни/група | Вид на вклученост | Метод | Локација**/ Зачестеност | Одговорна страна |
|---|---|---|---|---|
| Сојузот на синдикати на РСМ | -Влијание врз правата на работниците<br>- Методи со кои се обезбедува транспарентност за добиените средства од Програмата<br>- Повратни информации за Програмата | - Коресподенција преку е-пошта, комуникација преку социјални медиуми, информирање преку стандардни и социјални медиуми<br>- Објавите во медиумите да ја нагласат потребата за повратни информации од оваа група на засегнати страни | - Пред почетокот на Програмата *<br>- Во текот на животниот век на проектот<br>- Повратни информации, после имплементација | ПЕУД |
| Организација на работодавачи на Македонија | - Влијание врз економската состојба на пазарот,<br>-Постапка за аплицирање, критериуми за квалификација и услови при кои се доделуваат средствата | - Информирање преку стандардни и социјални медиуми (постапката за аплицирање да биде опишана во РЖССР и Владината уредба) | - Во текот на животниот век на проектот | ПЕУД |
| Фондација за менаџмент и индустриско истражување | - Влијание врз економската состојба на пазарот<br>- Број на претприемачи кои ќе добијат средства | - Информирање преку стандардни и социјални медиуми (листа на квалификувани компании) | -Во текот на животниот век на проектот | ПЕУД |
| Здружение на бизнис жени | - Влијание врз економската состојба на пазарот<br>- Број на жени претприемачи кои ќе добијат средства<br>- Вработени жени кои ќе добијат субвенции за плата<br>-Начини на давање моќ на жените за да ја искажат својата загриженост<br>- Повратни информации за Програмата | - Коресподенција преку е-пошта, комуникација преку социјални медиуми, информирање преку стандардни и социјални медиуми (поделба на бројот на компании кои добиваат средства според сектор, возраст и пол)<br>- Објавите во медиумите да ја нагласат потребата за повратни информации од оваа група на засегнати страни | - Пред почетокот на Програмата*<br>- Во текот на животниот век на проектот<br>- Повратни информации, после имплементацијата | ПЕУД |
| Занаетчиска комора Скопје | - Влијание врз економската состојба на пазарот<br>-Број на занаетчии кои ќе добијат средства | - Информирање преку стандардни и социјални медиуми (поделба на бројот на компании кои добиваат средства според сектор, возраст и пол) | - Во текот на животниот век на проектот | ПЕУД |

| Целни засегнати страни/група | Вид на вклученост | Метод | Локација**/ Зачестеност | Одговорна страна |
|---|---|---|---|---|
| Бизнис конфедерација на Македонија | - Влијание врз економската состојба на пазарот<br>- Број на претприемачи кои ќе добијат средства | - Информирање преку стандардни и социјални медиуми (листа на квалификувани компании) | - Во текот на животниот век на проектот | ПЕУД |
| Фондација за претприемнички бизнис за млади | - Влијание врз економската состојба на пазарот<br>- Број на млади претприемачи кои ќе добијат средства | - Информирање преку стандардни и социјални медиуми (поделба на бројот на компании кои добиваат средства според сектор, возраст и пол) | - Во текот на животниот век на проектот | ПЕУД |
| Електронски и пишани медиуми, радио и ТВ станици во земјата | - Најдобри начини на пристап | - Кореспонденција преку е-пошта, виртуелни состаноци | - Во текот на животниот век на проектот | ПЕУД |
| Помлади вработени лица од компаниите кои ќе добијат средства | - Методи со кои се обезбедува транспарентност за добиените средства од Програмата<br>-БЗР<br>-МСП<br>- Повратни информации за Програмата | - Кореспонденција преку е-пошта, комуникација преку социјални медиуми, информирање преку стандардни и социјални медиуми<br>- Објавите во медиумите да ја нагласат потребата за повратни информации од оваа група на засегнати страни<br>- Поставување на телефонски број / е-пошта специјално за оваа група и објавување во медиумите | - Пред почетокот на Програмата*<br>-После добивањето на платите<br>- Во текот на животниот век на проектот<br>- За време на екс-пост ревизијата<br>- Повратни информации, после имплементацијата | ПЕУД |
| Жени вработени / Вработени лица со хендикеп | - Методи со кои се обезбедува транспарентност за добиените средства од Програмата<br>-БЗР<br>-МСП<br>- Повратни информации за Програмата | - Кореспонденција преку е-пошта, комуникација преку социјални медиуми, информирање преку стандардни и социјални медиуми<br>-Објавите во медиумите да ја нагласат потребата за повратни информации од оваа група на засегнати страни<br>- Поставување на телефонски број / е-пошта специјално за оваа група и објавување во медиумите | - Пред почетокот на Програмата*<br>- После добивањето на платите<br>- Во текот на животниот век на проектот<br>- За време на екс-пост ревизијата<br>- Повратни информации, после имплементацијата | ПЕУД |

Поради неопходноста од брзо спроведување и кратките временски рокови, како и потребата од социјално дистанцирање поради пандемијата со COVID-19, нема можност за спроведување на стандардните методи на вклучување на засегнатите страни. Информациите за Програмата, особено за критериумите за квалификација и постапката за аплицирање ќе бидат распространети преку разни средства и ќе се формира биро за помош во ПЕУД за да може да се одговори на сите прашања кои потенцијалните корисници може да ги имаат и да се овозможи информирање на сите потенцијални корисници за Програмата.

### 4.4 Предложена стратегија за вклучување на гледиштата на ранливите групи

Иако не се очекува Програмата да има негативно влијание врз ранливите групи, поради ограниченото време во кое се подготвува Програмата и со оглед на кратките рокови кои се дадени за поднесување на апликациите, постои ризик некои од компаниите на кои најмногу им е потребна помош и кои имаат вработени од ранливи категории да не можат да достават апликации навреме и да не добијат поддршка од Програмата. Програмата КБД ќе спроведе брза, но интензивна комуникациска кампања со цел сите компании и вработените лица кои се потенцијални корисници да бидат информирани за Програмата, особено за користа која се очекува од Програмата, како и критериумите за квалификација и процедурата при аплицирање. Исто така ќе се воспостави Механизам за жалби за да им се овозможи на потенцијалните корисници да ја изразат својата загриженост во однос на спроведувањето на Програмата. Во функција ќе се стави посебна електронска адреса и телефонски број за да можат да се добијат повратни информации од ранливите групи. Поплаките исто така ќе бидат поделени врз основа на полот и возраста.

## 5 ИЗВОРИ И ОДГОВОРНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

### 5.1 Извори

Врз основа на потребите наведени во ПВЗС, буџетот за вклучување на засегнатите страни ќе ги опфати следниве активности: (i) трошоци за медиуми; (ii) отпечатени материјали со информации (доколку се процени дека има потреба); (iii) виртуелни презентации.

### 5.2 Управување со активностите и одговорностите

ПЕУД ќе биде одговорна за планирањето и спроведувањето на активностите за вклучување на засегнатите страни како и други релевантни активности на терен, објавување на информации и консултации и функционирањето на МСП.

За да се обезбеди успешна имплементација на ПВЗС, ПЕУД ангажираше експерти за животна средина и социјални работи како за поддршка за КБД.

## 6 МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ

Согласно условите на ESS10 на Светска банка ќе се воспостави механизам за справување со поплаки и повратни информации.

Се очекува жалби да поднесат компаниите кои сметаат дека имаат право на средствата од КБД, но кои го пропуштиле крајниот рок за достава на апликации. Доколку се добијат жалби од такви компании, истите ќе бидат пратени до надлежните органи за да можат да добијат поддршка од владиниот фонд. Жалби можат да се добијат и од вработени лица кои не добиле

приход и покрај тоа што нивниот работодавач ја добил субвенцијата. Исто така, жалба може да биде поднесена и од компанија која добила негативен ревизорски извештај.

ПЕУД ќе води сметка МСП  да одговара на сите поднесени жалби и поплаки, особено доколку доаѓаат од засегнатите страни и ранливите групи.

Треба да се преземат следниве чекори за да се овозможи целосно функционирање на МСП:

**Чекор 1:** Евидентирање на добиените жалби и поплаки во регистарот на МСП

**Чекор 2:** Издавање на потврда за прием на лицето кое ја поднело жалбата во рок од 5 дена од приемот

**Чекор 3:** Разгледување на жалбата

**Чекор 4:** Доставување на решение до подносителот на жалбата во рок од 15 дена од приемот на жалбата

**Чекор 5:**  Следни активности




Слика 2: Шема на функционирањето на МСП

Во случаи кога поплаката/жалбата е неодредена или не е доволно јасна, ПЕУД ќе помогне преку давање на совети за формулирање/дополнување на поднесокот со цел поплаката/жалбата да стане јасна и ПЕУД да може да донесе информирана одлука која ќе биде во најдобар интерес на лицата опфатени со Проектот.

Кога ПЕУД ќе го испрати решението на жалбата, исто така треба да се обезбеди и детално објаснување/образложение со решението, како и активности кои подносителот на жалбата може да ги преземе доколку не е задоволен од исходот. Подносителите на жалбата можат во

било кое време да бараат други правни лекови во согласност со правната рамка на Република Северна Македонија, вклучувајќи и жалба пред суд.

Поплаките можат да се поднесат вербално, по телефон, писмено (по пошта или е-пошта) или со пополнување на образецот за поднесување на жалби и поплаки (Анекс 1). Образецот за жалби и поплаки ќе биде достапен на интернет страницата на агенциите за имплементација заедно со јасни информации за тоа како можат да се достават повратни информации, прашања, коментари, поплаки и жалби од било која заинтересирана страна, како и информации за управувањето на ПЕУД со МСП како во однос на постапката и роковите. Интернет страницата ќе дава можност и за електронско поднесување на жалбите и поплаките.

Со цел евидентирање и следење на поплаките добиени во рамките на проектот се планира формирање на регистар на МСП. Номинираните членови од вработените лица ќе ги внесуваат податоците од поплаките во регистарот на жалби. Ова ќе вклучува:

- Реден број на жалбата
- Датум на прием
- Име и презиме, пол, возраст и контакт информации на засегната страна;
- Датум на потврда
- Опис на жалбата
- Опис на преземени активности
- Датум на решавање на жалбата

ПЕУД ќе ги споделува информациите од Регистарот на жалби со СБ на месечна основа.

## 6.1 Систем за справување со поплаки на Светска банка

Заедниците и лицата кои веруваат дека имаат негативно влијание од проект кој е поддржан од Светска банка (СБ) можат да поднесат жалба во постојните механизми за справување со поплаки  или во Сервисот за справување со поплаки на СБ (ССП). ССП води сметка сите примени жалби и поплаки да бидат веднаш разгледани со цел да се решат проблемите поврзани со проектот. Заедниците и лицата кои се опфатени со проектот можат да поднесат жалба до Независниот инспекциски панел на СБ кој утврдува дали настанала штета или постои веројатност од нејзино настанување како резултат на непочитување на политиките и процедурите на СБ. Жалбите односно поплаките можат да се поднесат во било кое време со запознавањето на Светска банка за одредениот проблем, а на раководството на Банката и се дава можност да одговори. Информации за тоа како да поднесете жалби и поплаки до Сервисот за справување со поплаки (ССП) на Светска банка може да најдете на *http://www.worldbank.org/en/projects-operations/products-and-services/grievance-redress-service*. За информации како да поднесете жалба до Инспекцискиот панел на Светска банка посетете ја страницата *www.inspectionpanel.org*

# 7 СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

ПЕУД ќе биде одговорна за целокупното собирање на податоци во однос на напредокот и резултатите. Повратните информации и поплаките кои се добиваат преку МСП ќе се соберат и ќе бидат вклучени во редовните извештаи. Во текот на имплементацијата може да се направи ажурирање на ПВЗС врз основа на утврдувањето на нови засегнати страни и/или потребата од други начини на вклучување на засегнатите страни.

## 7.1 Вклучување на засегнатите страни во следењето на активностите

Лицата опфатени со проектот ќе бидат вклучени за време на екс-пост ревизијата на компаниите кои добиле грант средства. Вработените ќе бидат консултирани за прашања поврзани со БЗП (на пр. дали имаат важечки договори, дали работодавачот обезбедил простор и услови во согласност со стандардите на РЖССР и локалното законодавство и сл.), МСП итн.

Работодавачите ќе бидат консултирани за исполнување на условите за грант.

## 7.2 Повратно известување на засегнатите групи

Коментарите кои заинтересираните страни ги имаат за документот на РЖССР ќе бидат разгледани веднаш по приемот. Во случај коментарот да подразбира потреба од промени, документот ќе се ажурира и ќе се објави заедно со извештаите со повратните информации.

Другите коментари и поплаки собрани во текот на имплементацијата ќе се користат за понатамошно прилагодување на активностите за вклучување на засегнатите страни, може дури да резултираат во прилагодување на програмата во случај на сериозни поплаки или доколку се откријат сериозни проблеми.

# АНЕКС 1

## Образец за поднесување на жалби и поплаки

| Архивски број | |
|---|---|
| Целосно име (незадолжително)<br>☐ Сакам жалбата/коментарот да го поднесам анонимно.<br>☐ Барам да не се открива мојот идентитет без моја согласност. | |
| Контакт информации<br><br>Означете како сакате да бидете контактирани (пошта, телефон, е-пошта). | ☐ По пошта*: Ве молиме наведете адреса за испраќање:*<br>_______________________________________________<br>_______________________________________________<br>_______<br>☐ По телефон: _______________________________<br>☐ По е-пошта |
| Префериран јазик за комуникација | ☐ Македонски<br>☐ Албански<br>☐ Друг: ____________________ |
| Пол | ☐ Женски<br>☐ Машки |
| Возраст | |
| | |
| Опис на настанот поради кој се поднесува жалбата | Што се случи? Каде се случи? Со кого се случи? Кој е резултатот од проблемот? |
| | |
| Датум на инцидентот | |
| | ☐ Еднократен инцидент (датум ________________)<br>☐ Се случи повеќе од еднаш (колку пати? ______)<br>☐ Тековно (во моментот се случуваат проблеми) |
| | |
| Што би сакале да се случи? | |
| | |